KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Јуни, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 10.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

На 14.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

На 21.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 01.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

На 07.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на дополнение на доказна постапка беа изведени материјални и вербални докази предложени од странките.

На 15.07.2021 година, главната расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од одбраната на обвинетите.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 03.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 3 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 16.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 22.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вешто лице.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 23.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од одбраната.

## „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 03.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од одбраната на обвинетите.

На 09.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од одбраната на обвинетите.

На 11.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од одбраната.

**„КОЛИБРИ“ КОК-64/20**

На 01.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од страна на одбраната.

**„ТОПЛИК“ КОК-57/17**

На 01.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавен обвинител.

На 10.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа судот се произнесе по предлозите на странките за изведување на докази и беа изведени материјални докази предложени од одбраната.

**„ТИТАНИК 2“ КОК -7/20**

На 01.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа странките се произнесоа по однос на листата на докази.

На 25.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа судот се произнесе во врска со предложените материјални докази на одбраната и се изведе еден материјален доказ.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

На 04.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице.

На 15.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа по приговор од страна на јавното обвинителство судот донесе решение со кое го одби вештачењето предложено од одбраната на обвинетите.

**„ТАЛИР 2“ К-1413/19**

На 30.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

На 17.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа судот донесе решение главната расправа да се отвори повторно поради дополнување на постапката и разјаснување на одделни прашања.

**„ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20**

На 10.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот.

**„ДВОЈНИК“ К-1200/21**

На 01.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од страна на странките во постапката.

На 02.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 3 сведоци предложени од јавниот обвинител и 1 сведок предложен од одбраната на обвинетите.

На 03.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

На 04.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 обвинети како и изведени материјални докази на обвинителството како дополнение на доказна постапка.

На 08.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од странките во постапката.

На 11.06.2021 година, на рочиштето за главна расправа судот јавно ја објави пресудата со која ги огласи обвинетите за виновни и на еден обвинет му изрече затворска казна во траење од 3 години, а на другите две обвинети им изрече алтернативна мерка условна осуда.

### „МАРИГЛЕН“ К-1271/16

На 03.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетиот.

### „КАМПАЊА“ К-416/21

На 04.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи бидејќи Одделението за заштита на сведоци при МВР го извести Основниот кривичен суд во Скопје дека не може да го утврди идентитетот на загрозениот сведок како истиот би бил испитан на рочиште.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 14.06.2021 година, главната расправа започна од почеток поради протек од 90 дена.

### „КОМИСИЈА“ К-930/18

На 15.06.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на 3 обвинети. На рочиштето судот ги извести странките дека Апелациониот суд Скопје ја укинал пресудата за едната обвинета кое судење се водеше во раздвоена постапка, па поради тоа Основниот кривичен суд Скопје донесе одлука за спојување кон оваа постапка.